**Известување за концентрација со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.Словенија, ќе стекне контрола врз Сбербанк банка д.д. Словенија (предмет бр. 08-56/2022)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 04.04.2022 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на единствена контрола од **НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д.**, со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, над **Сбербанк банка д.д.** со седиште на Дунајска цеста 128А, Словенија, по пат на купопродажба на акции.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д** (НЛБ) е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниојт сектор и други услуги. Дополнително, НЛБ дава услуги на управување со фондови и пензии, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НЛБ Групата во Македонија моментално има едно поврзано друштво: НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Мајка Тереза бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување.

**Сбербанк банка д.д.** е акционерско друштво и банка која дава банкарски услуги и други финансиски услуги (за население и деловен сектор). Сбербанк е во мнозинска сопственост на Сбербанк Еуропе АГ (99.99% од сите издадени акции) која над Сбербанк врши исклучива контрола.

**Сбербанк банка д.д.** нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

07.03.2022 година
Скопје